**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-11/5**
**Скопје,11.01.2024 година**

Записник од деведесет и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 11.01.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и петтата седница на Советот, и воедно го предложи дневниот ред.

1 Разгледување и усвојување на записниците од 92 (деведесет и втората), 93(деведесет и третата) и 94 (деведесет и четвртата) седница.
2 Донесување на одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, со изборно место бр.3.
3 Донесување на одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, со изборно место бр.3
4 Донесување на одлука за формирање на работна група за изготвување на Годишен извештај на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година.
5 Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 92 (деведесет и втората) и 93 (деведесет и третата) и 94 (деведесет и четвртата седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, кажа дека огласот за избор на член на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на ВЈО Скопје е завршен. Воедно истакна дека Советот треба да формира Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од подрачјето на ВЈО Скопје и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат г-дин Антонио Јолевски-Претседател, г-дин Арбер Исаку – член и г-ѓа Фиданка Рајевска – член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да формира и Комисија за спроведување на избори за член на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на ВЈО Скопје и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат г-дин Ицет Мемети – Претседател, г-ѓа Светлана Жупаноска-член и г-ѓа Кети Петкова-член, г-дин Ермон Незири – заменик претседател г-ѓа Душица Димитриеска-заменик член и г-дин Влатко Георгиевски - заменик член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги информираше членовите на Советот дека Советот треба да донесе одлука за изготвување на Годишен извештај за работењето на Советот за 2023 година, и дека треба да се формира работна група која истиот ќе го изготви. Воедно предложи работната група да биде во состав г-дин Ермон Незири, г-дин Ицет Мемети и г-ѓа Светлана Жупаноска.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека со изборот на новиот чен на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева, Советот треба да донесе одлука за Годишен распоред за работа на членовите на Советот за 2024 година, и воедно предложи истата да биде координатор за подрачјето на ВЈО Битола.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, насловен како известување, а се однесува на јавен обвинител кој работел на конкретен предмет и кој што од доказите од предметот дошол до одредени сознанија за постапувањето на друг јавен обвинител и за тоа го известил Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје. Смета дека ова известување треба да биде препратено до ЈОРСМ на надлежно постапување.

Гчлен на Советот се согласи со предлогот на Претседателот на Советот и смета дека за ова треба да биде известен и ВД Јавниот обвинител на РСМ, бидејќи таква е надлежноста. Воедно предложи мислењето да биде поделено на сите членови на Советот, како би можеле да се запознаат со содржината и текстот на известувањето.

Г-дин Ицет Мемети се согласи со предлогот на Претседателот на Советот и кажа дека согласно закон известувањето треба да се достави до ЈОРСМ на понатамошно постапување. Воедно кажа дека има информација дека известувањето веќе било доставено до ЈОРСМ, и дека веќе е и одлучено по однос на ова известување.

Воедно ги извести членовите на Советот дека има добиен допис упатен лично до него во вид на претставка односно се работи за унформација која е доставена до сите членови на Советот. Воедно кажа дека станува збор за искажана загриженост и дека странката смета дека станува збор за против законско постапување од страна на јавен

обвинител. Предложи исто така и овој предмет односно истиот да биде пратен на надлежност и постапување на ЈОРСМ.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека и овој предмет ќе биде доставен на надлежнсот во ЈОРСМ на понатамошно постапување.

Под истата точка од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржина на барањето доставен до Советот од страна на јавниот обвинител Фатиме Фетаи, во кое се бара преиспитување на одлуката на Советот за отфрлање на документацијата во врска со огласот од 27.11.2023 година, за именување на Јавен обвинител на РСМ.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека лично смета дека на ова барање треба да се одговори административно, и тоа дека поради тоа што кон пријавата немаше доставено документ, односно потврда од суд дека против неа не се води постапка за одземање на деловна способност, документ кој двајцата други кандидати го имаат доставено, Советот нејзината пријава ја оцени како некомплетна. Поради што и не расправаше.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека Советот нема можност да преиспитува одлука и од тие причини треба да му се даде одговор на јавниот обвинител по административен пат.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на мислењето доставено до Советот од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација каде било утврдено дискриминација по однос на јавниот обвинител Ленче Ристоска во однос на работните односи во правосудството извршено од страна на СЈОРСМ. Воедно кажа дека во мислењето имало и препорака за Советот по однос на дискриминацијата по кој било основ, како и препорака за поранешниот Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Г-дин Антонио Јолевски зема збор и кажа дека поради тоа што бил спомнат во мислењето, има поднесено тужба до Управен суд против Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Воедно даде свое мислење и појаснување во врска со настанот и доставеното мислење на Комисијата. Исто така се осврна и на проблемот со огласот за избор на јавен обвинители во ВЈО Скопје, поради неоценување на еден јавен обвинител., и проблемот со предметите по кои јавните обвинители кои со акт на Советот од СЈО биле вратени во матичните јавни обвинителства, а истите не постапуваат по ниеден предмет ниту се опфатени со годишните распореди за работа на тие јавни обвинителства. Предложи истите од страна на јавните обвинители на Основните јавни обвинителства бидат вклучени во работењето на предметите. Смета дека не е дозволиво со усна наредба да не постапуваат по предмети кои не се од СЈО. Исто така се осврна и прашањето за упатувањето на јавни обвинители во други јавни обвинителства за кои Советот не добива информации од страна на ЈОРСМ. Кажа дека овие податоци се битни од причина што Советот треба да има увид на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителтсва при распишувањето на оглас, како и за Етичкиот совет за кој кажа дека со години наназад не е формиран откако се заминати претходните членови на Етичкиот совет, а има предмети кои стојат нерешени.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека оценката за јавниот обвинител е пристигната во Советот. Воедно кажа дека разговарано е со ВД Јавниот обвинител на РСМ во однос на упатувањето на јавни обвинители во други јавни обвинителства и дека е планирана работна средба.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека членот на Советот г-дин Антонио Јолевски отворил три прашања на кој тој ќе се осврне и тоа: Прво во однос на упатувањата на јавните обвинители во други јавни обвинителства смета дека веќе е договорена средба со ВД јавен обвинител на РСМ. Второ во однос на јавните обвинители кои биле во СЈО, а по престанокот на таа институција со акт на Советот биле вратени во матичните јавни обвинителства и воедно кажа дека ова било законско решение, а не став на Советот. Воедно кажа, доколку има јавни обвинители кои не ги почитуваат законските одредби и не одат на работното место, а извршуваат јавно обвинителска функција, смета дека проблемот треба да го реши шефот на тоа јавно обвинителство и со јавниот обвинител кој не доаѓа на работното место. Потенцираше дека станува збор за сериозен проблем. Се согласува Советот да донесе заклучок да се бара информација од јавните

обвинителства, дали јавните обвинители кои биле во СЈО, по престанокот на таа институција се вратени во матичните јавни обвинителства и одат на работа и дали работат и постапуваат по предмети. Како трето во однос на мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кажа дека Советот не треба да прифати, а уште помалку да предизвикува натпревар помеѓу институциите од причина што не само што мисли, туку и е убеден дека тоа ќе биде натпревар без граници кој може да нанесе штета на дигнитетот на Советот. Смета дека во општеството нема потреба од таква комуникација помеѓу органите, а тоа од причина што одредени членови на нашите институции сеуште немаат задоводителен капацитет за таква комуникација.

Член на Советот се согласи со дискусиите на колегите г-дин Антонио Јолевски и г-дин Ицет Мемети, и воедно нагласи дека се создава огромна аномалија во јавно обвинителската фела со немањето на доволно информации кои му се потребни на Советот при избор на јавни обвинители, а што е една од најважните улоги на Советот. Кажа дека овој тренд трае подолг временски период, дека не се добиваат информации во однос на упатени јавни обвинители во други јавни обвинителства како и за јавните обвинители кои со акт на Советот се вратени во матичнита јавни обвинителтва, дали истите доаѓаат на работа и дали постапуваат по предмети кажа дека до сега Советот нема добиено одговор од страна на ЈОРСМ.

Член на Советот се согласи со дискусијата на колегата Антонио Јолевски, смета дека мислењето на Комисија за спречување и заштита од дискриминација е неосновано и противречно, не изборот на јавниот обвинител не е поради дискриминација, туку поради тоа што мнозинството на членови на Советот не дале подршка за нејзиниот избор. Во однос на упатувањата на јавните обвинители во други јавни обвинителства, кажа дека Советот со години наназад бара такви листи од ЈОРСМ, а такви информации не стигнуваат до Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска како заклучок на Советот кажа дека ќе се бара информација од ЈОРСМ, по однос на бројот на упатени јавни обвинители во други јавни обвинителства и за кој јавни обвинители покрената е или се води дисциплинска постапка.

Откако никој не зема Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и петтата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**